РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Бр. 04 - 5000/5
22.12 2022 год.
КРИВА ПАЛАНКА

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

www.krivapalanka.gov.mk

Согласно член 22 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), и член 22 став (1) алинеја 1, член 23, член 24, член 25, член 26 и член 27 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), Општина Крива Паланка со единствен матичен број 5992958, единствен даночен број 4015005104833,објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ЗАСНОВАЊЕ НА РАБОТЕН ОДНОС НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ**

Општина Крива Паланка има потреба од работници за засновање на работен однос на определено време за следните работни места:

**1. Советник за правни работи и застапување** ниво В01, шифра УПР0101В01000, во Одделение за правни и општи работи при Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој во Општина Крива Паланка 1 (еден) извршител, на определено време.

**Кандидатите кои аплицираат на огласот треба да ги исполнуваат следните**

**Општи услови:**

– да е државјанин на Република Македонија;
– активно да го користи македонскиот јазик;
– да е полнолетен;
– да има општа здравствена способност за работното место и
– со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови** предвидени за работното место утврдени со Законот за административните службеници и актот за систематизација

**Стручни квалификации** - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Научно-истражувачко подрачје: Општествени науки, Научно истражувачко поле: Право

**Други посебни услови** Положен правосуден испит

**Работно искуство**, најмалку три години работно искуство во струката;

**Општи работни компетенции на напредно ниво** - решавање проблемии и одлучување за работи од својот делокруг; - учење и развој;- комуникација;- остварување резултати; - работење со други/тимска работа;- стратешка свест; - ориентираност кон странките/засегнати страни и-финансиско управување.

**Посебни работни компетенции: -** активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски),- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

**Распоред на работното време:** Дневно работно време 8 (осум работни часа) од 07.30 до 15.30 часот, Работни Денови: Понеделник до Петок, Неделно работно време : 40 (четириесет) часа

**Плата** за работното место е паричниот нето износ на збирот од делот од основната плата со кој се вреднува степенот на образование и додаток на плата за звање и изнесува 26.566,00 денари.

**2. Самостоен референт за архивско и канцелариско работење и упатување на граѓани / странки** ниво Г01, шифра УПР 01 01 Г01 000, во Одделение за правни и општи работи при Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој во Општина Крива Паланка 1 (еден) извршител, на определено време

**Кандидатите кои аплицираат на огласот треба да ги исполнуваат следните**

**Општи услови:**

– да е државјанин на Република Македонија;

– активно да го користи македонскиот јазик;

– да е полнолетен;

– да има општа здравствена способност за работното место и

– со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови** предвидени за работното место утврдени со Законот за административните службеници и актот за систематизација

- **Стручни квалификации** - ниво на квалификациите V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО Вишо или средно гимназиско образование или средно стручно образование.

**Работно искуство**, најмалку три години работно искуство во струката;

**Општи работни компетенции на напредно ниво**

- решавање проблемии и одлучување за работи од својот делокруг; - учење и развој; - комуникација; - остварување резултати; - работење со други/тимска работа;- ориентираност кон странките/засегнати страни и- финансиско управување.

**Посебни работни компетенции:** - активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**Распоред на работното време:** Дневно работно време 8 (осум работни часа) од 07.30 до 15.30 часот, Работни Денови: Понеделник до Петок, Неделно работно време : 40 (четириесет) часа

**Плата** за работното место е паричниот нето износ на збирот од делот од основната плата со кој се вреднува степенот на образование и додаток на плата за звање и изнесува 18.845,00 денари.

**3. КВ Работник за одржување на објекти,** ниво А04, шифра УПР0401А04001, во Одделение за правни и општи работи при Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој во Општина Крива Паланка 1 (еден) извршител, на определено време

**Општи услови** кои треба да ги исполнуваат кандидатите се:

- да е државјанин на Р.С. Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**

**Стручни квалификации** За нивото А04 - да има завршено Средно гимназиско образование или средно стручно образование со стекнати 180 кредити според ЕЦВЕТ/МКСОО.

**Работно искуство** со или без работно искуство;

**Распоред на работно време:** Работни денови понеделник – петок, Работни часови неделно 40, Работно време од 07.30 до 15.30 часот.

**Плата** Паричен нето износ на плата за работно место под реден број 1 изнесува 18.513,00 Денари.

Кандидатите кон Пријавата треба да ги достават доказите за исполнување на условите, во оригинална форма или копија заверена на нотар и тоа:

– Биографија (CV)
– Диплома за завршено образование, оригинал или заверен препис
– Уверение за Државјанство на РСМ, оригинал или заверен препис
– Доказ дека не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност
– Лекарско уверение - доказ дека има општа здравствена способност за работното место,
– Доказ за работното искуство

За работните места по реден број 1 и 2 :

– Доказ за познавање на компјутери
– Доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),

За работното место реден број 1 Уверение за положен правосуден испит.

Со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување на определено време во траење од 3 (три) месеци.

Јавниот огласот трае 5 дена од денот на објавувањето во дневен печат, не сметајќи го денот на објавување во дневен печат.

Изборот од пријавените кандидати ќе се изврши во рок од 15 дена од денот на завршувањето на јавниот оглас.

Пријавата за вработување може да се преземе од веб страната на Општина Крива Паланка www.krivapalanka.gov.mk

Кандидатите се должни да достават прецизни и точни податоци. Кандидатите пријавата со прилог документација треба да ја достават до архивата на Општина Крива Паланка или по пошта на адреса: Општина Крива Паланка ул. „Св. Јоаким Осоговски“ бр.175 - Крива Паланка, со назнака: за „Јавен Оглас за засновање на работен однос на определено време“.

Постапката за селекција ќе биде спроведена во следните фази: административна селекција (проверка на комплетност на пријавата и доказите) и интервју. Админинстративната селекцијата и интервјуто на пријавените кандидати ќе ги спроведе надлежна Комисија формирана за спроведување на постапка за вработување од страна на Општина Крива Паланка. Пријавените кандидати ќе бидат навремено известени за времето и местото на одржување на интервјуто.

По спроведување на фазите од страна на комисијата се изготвува финална листа за секое различно работно место од јавниот оглас, која се доставува до Градоначалникот/ Секретарот, кој врши избор во рок од 8 дена.

Пријавите што нема да бидат поднесени во утврдениот рок ќе се сметаат како неблаговремени и истите нема да се разгледуваат. Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава и документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.

**Општина Крива Паланка**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА